# Локална стратегија за млади

## на Општина Бутел

## 2023-2028



# Локална стратегија за млади

## на Општина Бутел
## 2023-2028

Проектот е финансиран од Европската Унија

**Издавач:**

ЕВРОТИНК - Центар за европски стратегии - Скопје

**За издавачот:**

Димитар Николовски, Извршен директор

**Изработиле:**

Работната група за изработка на Локалната стратегија за млади на Општина Бутел 2023 - 2028

**Графичко уредување:**

Ивана Мирчевска

**Лектура:**

Бобан Карапејовски

**Јули, 2023 година**

Оваа публикација е дел од проектот „Општина Бутел отворена за младите", кој е финансиран од програмата за грантови на проектот „Младинско учество за силен и одржлив развој на заедницата" финансиран од ЕУ, а спроведуван од Коалиција на младински организации СЕГА. За содржината на оваа публикација целосно е одговорен Евротинк – Центар за европски стратегии, Скопје и не нужно ги одразува ставовите на Европската Унија.

# СОДРЖИНА


ВОВЕД ..... 5

ПРИСТАП ПРИ ИЗРАБОТКАТА НА СТРАТЕГИЈАТА ..... 6

ОПШТ ОПИС НА СОСТОЈБАТА НА МЛАДИТЕ ВО ОПШТИНА БУТЕЛ И НА ПОТРЕБАТА ОД ИЗГОТВУВАЊЕ ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ НА ОПШТИНА БУТЕЛ 2023–2028 (КОНТЕКСТ) ..... 7

Цел и тематски области ..... 9

1. МЛАДИНСКО УЧЕСТВО ..... 9
2. КВАЛИТЕТ НА ЖИВЕЕЊЕТО ..... 11
3. КУЛТУРА ..... 12
4. МЛАДИНСКО ИНФОРМИРАЊЕ ..... 14

Процес на мониторинг и евалуација ..... 16

Акциски план на Локалната стратегија за млади на Општина Бутел 2023–2028 ..... 17

НАОДИ ОД СПРОВЕДЕНАТА АНАЛИЗА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА МЛАДИТЕ ВО ОПШТИНА БУТЕЛ ..... 24

Анализа на податоците на квантитативното истражување ..... 24

Тематска област: Образование ..... 28

Тематска област: Вработување и поддршка пред вработување ..... 30

Тематска област: Младинско учество и младинско информирање ..... 33

Тематска област: Спорт ..... 38

Тематска област: Здравје ..... 40

Тематска област: Квалитет на живот ..... 42

Тематска област: Култура ..... 45

Тематска област: Локална младинска работа ..... 47

Анализа на податоци од квалитативно истражување – фокус-групи ..... 48

Работна Група ..... 51

# ВОВЕД

Граѓанската организација „Евротинк – Центар за европски стратегии“ го имплементира проектот „Општина Бутел отворена за младите“, финансиран од Европската Унија, во рамките на проектот „Младинско учество за силен и одржлив развој на заедницата“. Овој проект е спроведен од „Коалицијата на младински организации СЕГА“.

Општата цел на овој проект е создавање можност и поттикнување на младинското учество во спроведувањето на локалните младински политики и во донесувањето одлуки за прашања и за проблеми што ги засегаат или се од интерес на младите од Општина Бутел. Оттука, засилувањето на капацитетите на членовите на локалниот младински совет, на општинската администрација и на членовите на Советот на Општина Бутел за креирање, спроведување и следење на имплементацијата на младинските политики и зголемениот интерес и мотивација, како и засилените капацитети на засегнатите групи млади на територијата на Општината (за активно граѓанско и младинско учество на локално ниво и придонес кон одржлив развој на локалната заедница), претставуваат синергични поаѓачки целни позиции, кои водат до општата и крајна цел, а тоа е создавање можност и поттикнување на младинското учество во спроведувањето на локалните младински политики во Општина Бутел.

Поддршка на кандидатите на Локалниот младински совет на Општина Бутел за подготовка на Локална стратегија за млади 2023–2028 беше една од активностите на овој проект. Изготвувањето на стратегијата се спроведе со заедничка соработка на советот, работната група и „Евротинк“, како координатор на проектот.

# ПРИСТАП ПРИ ИЗРАБОТКАТА НА СТРАТЕГИЈАТА

Како основа за изработка на овој документ беше спроведено истражување, кое ги вклучи младите во Општина Бутел и релевантни засегнати страни. Истражувањето даде податоци и увид во состојбата и во потребите на младите во Општината во осум приоритетни области, дефинирани во Националната младинска стратегија. Врз основа на истражувањето беа избрани тематските фокуси на стратегијата и беа изведени заклучоци, цели, акциски план и препораки за секоја од избраните тематските области.

Квантитативното истражување беше реализирано преку онлајн-анкета, активна меѓу 14 јануари и 1 март 2023 година, во која учествуваше 231 испитаник од Општина Бутел, на возраст од 15 до 29 години.

Квалитативното истражување беше реализирано преку спроведување три фокус-групи (со мешан состав), со вкупно 18 учесници од три целни групи:

- млади луѓе (15–29 години);
- претставници од наставниот кадар од основните и од средните училиштата во Општината;
- претставници од младинските организации и претставници од Општина Бутел.

Интервјуата со фокус-групите беа одржани на онлајн-платформата ZOOM. Првото интервју со фокус-групата беше одржано на 1 март 2023 г., второто на 9 март 2023г. и третото на 17 март 2023 г.

Во рамките на истражувањето беа спроведени и консултативни средби со младински здруженија, со претставници од невладиниот сектор и со претставници од подмладоци на политичките партии.

Во рамките на Општината постојат неколку невладини организации и здруженија, од кои како најактивна се издвојува НВО „Интеркултура“. Учесници од НВО „Интеркултура“ беа поканети да учествуваат во изработката на стратегијата и да придонесат со своите искуства и знаење. Понатаму, остварени беа средби со младински и со средношколски организации и здруженија, какви што се Младинскиот образовен форум и Сојузот на средношколци, чија логистичка помош беше од големо значење. Во рамките на проектот (од кој е дел и оваа стратегија), беа одржани и две обуки со претставници од Општината, каде што, исто така, остварени беа вредни увиди за насоките во кои Општината треба да биде упатена.

Во консултативниот процес беа вклучени и претставниците на политичките партии со најголеми подмладоци – СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ. Активистичко-волонтерскиот

пристап кон општеството меѓу младите во Бутел, генерално, се поима низ учеството во партиските младински состави и организации, па затоа беше важно да се земе предвид и оваа засегната страна, која даде значаен придонес.

Процесот на мапирање на потенцијални стратегиски партнери идентификуваше над 18 здруженија, претставници на организации и движења, претставници на политички партии и поединци, спортски клубови и др., со кои беа остварени контакти и на кои проектот им беше презентиран во насока на можна соработка. Соработката беше прифатена од сите страни, особено при изведувањето на логистичките дисеминирачки информативни содржини на проектот, но и помош при селекција на младинските претставници, волонтерите и активистите со искуство, кои би можеле да придонесат според своите можности.

На овој начин, во креирањето на Локалната стратегија за млади на Општина Бутел 2023–2028 беа вклучени сите релевантни фактори, кои со своите одговори, мислења и предлози помогнаа да се изработи оваа стратегија.

## ОПШТ ОПИС НА СОСТОЈБАТА НА МЛАДИТЕ ВО ОПШТИНА БУТЕЛ И НА ПОТРЕБАТА ОД ИЗГОТВУВАЊЕ ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ НА ОПШТИНА БУТЕЛ 2023–2028 (КОНТЕКСТ)

Општина Бутел е дел од општините на Град Скопје, која е основана во 2005 година, во согласност со Законот за територијалната организација од 2004 година. Таа е поделена на повеќе урбани и рурални населби. Урбани населби се: Бутел 1 и Бутел 2, Скопје Север, Радишани и Љуботенски пат. Рурални населби се: Љубанци, Визбегово, Радишани и Љуботен. Според пописот од 2021 година, вкупниот број млади луѓе што живеат во Општина Бутел изнесува 7401 жител, од кои 3804 се мажи, а 3597 се жени.

Во Општина Бутел има седум основни две средни училишта. Основни училишта се: ООУ „Ацо Шопов“ – Радишани, ООУ „Гоце Делчев“ – Љубанци, ООУ „Живко Брајковски“ – Бутел, ООУ „Свети Климент Охридски“ – Бутел, ООУ „Лиман Каба“ – Љуботен, ООУ „Панајот Гиновски“ – Бутел, ООУ „Петар Здравкоски Пенко“ – Бутел. Средни училишта се: СУГС Гимназија „Зеф Љуш Марку“ – Скопје и СЕПУГС „Арсени Јовков“ – Скопје. Основните и средните училишта се еден од главните институционални фактори каде што младите се социјализираат и се оформуваат како личности. Со оглед на тоа, во изготвувањето на Локалната стратегија за млади на Општина Бутел беа вклучени ученици и наставници од повеќе училишта, со цел да се добијат повеќе информации за потребите на младите луѓе во Општината.

Во однос на социјализацијата на младите луѓе во Општина Бутел, таа најчесто се одвива во училиштата, преку спортските капацитети во Општината, како и во неформални дружења во кафулињата, парковите и слично. Во рамките на Општината сè уште нема активни младински центри и младински организации што влијаат на подобрување на социјализацијата на младите.

Со цел да се подобри квалитетот на животот на младите луѓе, Локалната стратегија за млади на Општина Бутел 2023–2028 предвидува анализа на состојбата во девет тематски области, кои се од клучно значење за младите луѓе, земајќи предвид дека состојбите во тие тематски области, всушност, го отсликуваат квалитетот на животот на младите, како и нивните желби и барања за тоа што сакаат да видат во иднина.

Тематските области што беа истражувани се:

- образование;
- вработување и поддршка пред вработување;
- младинско информирање;
- младинско учество;
- спорт;
- здравје;
- квалитет на животот;
- култура;
- локална младинска работа.

# Цел и тематски области

**Целта на Локалната стратегија за млади на Општина Бутел 2023–2028 е да обезбеди рамка за овозможување и поттикнување младинско учество во спроведувањето локални младински политики и донесувањето одлуки за младински прашања.**

Врз основа на оваа појдовна премиса и врз основа на спроведената анализа на осумте приоритетни области (назначени во Националната младинска стратегија), работната група ги избра следниве четири приоритетни области за фокус:

- младинско учество;
- квалитет на живеење;
- култура;
- младинско информирање.

## 1. МЛАДИНСКО УЧЕСТВО

Младинското учество претставува право и можност младите да бидат активно вклучени во целиот процес на креирање, донесување и реализација на политиките што се однесуваат на нив. Создавањето можности за нивен ангажман е основна претпоставка за воспоставување добри локални младински политики.

Спроведената анкета покажа дека само 26,2% од испитаниците некогаш зеле активно учество во процесот на донесување одлуки на локално и/или државно ниво. Од нив најголем дел тоа го оствариле преку членство во младинска/средношколска/студентска организација (8,7%), потоа преку членство во политичка партија (6,5%) и членство во невладина организација (5,2%). 62,8% изјавиле дека никогаш не презеле таква активност.

Младинското учество е една од областите што ќе наложи поголема инвестиција на Локалниот младински совет во Општина Бутел. Во минатото советите функционирале со делумни капацитети, меѓу другото и поради тоа што во годишните буџети на Општината не биле предвидени средства за Локалниот младински совет. Една од најважните стратегиски точки за исполнување на оваа стратегија е токму одобрувањето буџет.

**Приоритет: Младинско учество**

**Цел: Зголемено учество на младите во донесувањето одлуки за политики и програми што директно или индиректно влијаат врз животот на младите, преку формалните и неформални институции и иницијативи во рамките на Општината.**

### Специфична цел 1: Да се одобри буџет од Советот на Општината за Локалниот младински совет.

**Стратегии:**

- Да се формира Локален младински совет, кој ќе биде функционален и усвоен на демократски и партиципативен начин.
- Доследно, ефективно и ефикасно спроведување на Законот за младинско учество и младински политики, истовремено засилувајќи го надзорот врз неговата примена.  Да се организираат средби на Локалниот младински совет, Канцеларијата за млади и советниците на Општина Бутел, кои ќе се однесуваат на буџетот и на активностите на ЛМС.
- Засилување на капацитетите на општините и на Градот Скопје за имплементација на локалните стратегии за млади, како и за поддршка на локалните младински совети.

### Специфична цел 2: Да се зголеми соработката на Општина Бутел со институциите и организациите што развиваат програми за млади, за реализација на планираните активности.

**Стратегии:**

- Организирање состаноци со активни организации што дејствуваат во рамките на Општина Бутел и заедничко создавање платформа за заедничко дејствување.
- Одржување јавни дебати во врска со проблемите на младите во Општината.
- Организирање презентации за младински активизам и волонтерство.

# 2. КВАЛИТЕТ НА ЖИВЕЕЊЕТО

Втора категорија што се истакнува во сите формално-аналитички (фокус-групи и онлајн-анкетен прашалник) и неформални релации (обуки и консултации) е приоритетната област квалитет на живеењето.

19,5% од младите во Бутел оценуваат дека животот во оваа општина е „добар“, 48,5% дека е „донекаде добар“, 17,7% го оценуваат како „донекаде лош“ и 11,3% како „лош“. Тоа покажува дека високи 68% од испитаниците имаат позитивна перцепција за квалитетот на животот во Општина Бутел.

Вработувањето и подобрувањето на животниот стандард е една од најчестите причини за која испитаниците сметаат дека би им го подобрила квалитетот на животот, со 26,4%.  Потоа следува социјалниот живот, со 11,7%, условите за образование и професионален напредок, со 9,5%, борбата против криминалот и корупцијата – со 9,1%.

Важен аспект е безбедносниот аспект, особено со оглед на фактот што Општина Бутел е една од критичните точки на насилствата во јавниот сообраќај, кое е манифестација на меѓуетничко нетрпение. Речиси во сите вакви случаи насилници, но и жртви се средношколците (15–19 години) од Општина Бутел. Анкетата покажа дека 25,5% од младите се чувствуваат безбедно во Општина Бутел, а 42,4% се чувствуваат донекаде безбедно – кумулативно земено, 67,9%. Наспроти тоа, 13,9% се чувствуваат донекаде небезбедно и 16,9% не се чувствуваат безбедно – кумулативно 30,8%. Како главни причини за небезбедност се истакнати криминалот и криминалните групи, кучињата скитници, меѓуетничката нетрпеливост, поседувањето оружје без дозвола, полициската неефикасност и др.

**Приоритет:  Квалитет на живеењето**

**Цел: Зголемување на безбедноста во јавниот простор во Општината.**

**Специфична цел 1: Намалување на насилството во јавниот превоз (автобусите).**

**Стратегии:**

- Организирање дебати со претставници на ЈСП, МВР, Советот на Општина Бутел, НВО-а и ЛМС за идентификување на проблемите во врска со безбедноста во јавниот превоз и пронаоѓањето начини за нивно надминување.

- Во соработка со МВР, имплементирање кампања за подигање на свеста за насилството во основните и во средните училишта.
- Воспоставување систем за евидентирање на врсничкото насилство.

**Специфична цел 2: Зголемување на довербата на младите во безбедносната димензија при користењето на јавниот простор (јавен превоз, паркови и улици).**

**Стратегии:**

- МВР да објавува билтен на казнувани насилни дејства во јавниот превоз и тие да бидат објавувани и на официјалната страница на Општина Бутел

## 3. КУЛТУРА

Трета селектирана област е културата. Културата игра клучна улога во процесот на социјализација на младите во самоуверени и општествено одговорни и активни граѓани. Таа се смета за подлога низ која надминувањето на некои предизвици на денешницата станува возможно. Младите имаат потреба од учество во организирањето културни манифестации, особено тие од инклузивен карактер. Имено, целта е различните етнички, религиозни и културни групи во Бутел да соработуваат и да се запознаваат едни со други. Културата игра важна улога во развојот на младите во еманципирани, задоволни, самоуверени и социјално ангажирани граѓани.

Третина од испитаниците сметаат дека состојбата со културата и со културната понуда во Општина Бутел е донекаде добра. Кумулативно, 50,6% од испитаниците имаат позитивен став за ова прашање, додека 39,4% сметаат дека состојбата е лоша или донекаде лоша. Како главен проблем е истакнат недостигот од културна понуда (11,7%), а 4,8% сметаат дека не се вложува доволно за да се поправат состојбите. Инаку, младите се најзаинтересирани за посетување музички концерти, кинопроекции и театарски претстави.

**Приоритет: Култура**

**Цел: Зголемување на можностите на младите за учество во создавањето сеопфатни и инклузивни културни политики на локално ниво, со цел подигнување на културната понуда во рамките на Општина Бутел.**

**Специфична цел 1: Да се зголеми атрактивноста на културните настани кај младите преку зголемено вклучување и консултирање на младите во нивно планирање и спроведување.**

**Стратегии:**

- Вклучување на младинските организации и Локалниот младински совет на Општина Бутел во активностите за планирање, спроведување и евалуација на културната понуда во Општина Бутел.
- Организација на летни културни младински манифестации.

**Специфична цел 2: Да се зголеми културната понуда преку форми што ќе предвидуваат инклузивен принцип на партиципација, со цел надминување на стереотипните и конфликтните односи меѓу младите во Општината.**

**Стратегии:**

- Посебни иницијативи за инклузија на младите со помалку можности за пристап до настани и програми од културата што би се воделе од Општина Бутел и граѓански организации што работат во областа на инклузијата.
- Поттикнување на Општината да создаде културна инфраструктура за младите, преку развој на јавно-приватни партнерства со граѓански организации, асоцијации и сојузи на млади што дејствуваат во областа на културата.
- Организација на мултиетнички културни манифестации, со цел меѓусебно запознавање и културна соработка.

# 4. МЛАДИНСКО ИНФОРМИРАЊЕ

Младинското информирање е тесно поврзано со младинското учество, земајќи го предвид тоа дека слободниот и транспарентен пристап до квалитетни, вистинити и навремени информации влијае врз одлуките на младите и дали тие ќе дадат активен придонес во заедницата. Информирањето во врска со новините во Општината, но и другите аспекти во врска со можностите на младите да учествуваат во одлучувањето и можните промени во општеството во кое живеат, недостасува во Општината како опција за младите. Една од основните тези на оваа стратегија е дека непостоењето практика на споделување на корисни информации за младите го спречува нивното активно вклучување во процесите на локалната самоуправа, но и во другите сектори.

52,4% од младите изјавиле дека не се информирани за можностите за млади што може да ги добијат преку формите на младинско организирање, наспроти 39% кои се запознаени со овие можности. Најголем дел од испитаниците се информираат онлајн, односно преку социјалните медиуми (67,5%), преку интернет-порталите (17,7%) и најмногу ги интересираат информации од забавен карактер (19,5%), случувањата во светот (16,5%), потоа економија и бизнис (14,7%) и информации за општествените и за политичките случувања во државата (14,3%). Притоа, 26,4% од испитаниците сметаат дека во Општина Бутел се водат добри политики за младите луѓе, додека 41,1% сметаат дека во Општината не се водат добри политики.

**Приоритет: Младинско информирање**

**Цел: Воспоставување механизми и/или форми за информирање преку квалитетни и холистички содржини за младите, кои се поврзани со приоритетите изложени во оваа стратегија.**

**Специфична цел 1: Засилување на соработката меѓу локалната самоуправа, граѓанските организации и другите правни субјекти што развиваат програми за младите.**

**Стратегии:**

- Повик и покана до сите заинтересирани страни (НВО, ЛМС, младински организации на политичките партии).
- Поттикнување дијалог меѓу медиумите, младите и формите на младинско организирање.

- Креирање база на податоци и информации поврзани со младите.
- Отпочнување иницијатива за младински информативен центар.

**Специфична цел 2: Искористување на интернет-платформите и апликациите за смарт-телефони, како алатка за младинско информирање**.

## Стратегии:

- Искористување на интернетот и поставување соодветна апликација за информирање.
- Креирање посебни ФБ-, Инстаграм- и Тикток-профили.
- Одржување и ажурирање податоци и информации.
- Развивање комуникациски план на Општина Бутел за проток на информации до младите.

**Специфична цел 3: Засилување на капацитетите на младите за препознавање дезинформации, подобрување на медиумската писменост и на критичкото мислење кај младите.**

## Стратегии:

- Финансиска поддршка на проекти, во партнерство со формите на младинско организирање поврзани со медиумската и дигиталната писменост за препознавање дезинформации.
- Искористување на добрите практики од постојните проекти, спроведени од формите на младинско организирање и други професионални здруженија, со фокус на медиумската писменост.

# Процес на мониторинг и евалуација

Спроведувањето на стратегијата е од есенцијална важност за младите во Општина Бутел. Во оваа стратегија, изработена за периодот од пет години, во кондензирана форма се изнесени проблемите и предизвиците со кои тие се соочуваат во четирите приоритетни области.

Со цел успешна реализација на оваа стратегија и следење на процесот на имплементација на предвидените стратегиски цели, важно е да се формира работно тело што ќе го врши мониторинг на процесот на имплементацијата. Тоа тело би било надлежно не само за мониторинг туку и за координација на стратегиските приоритети и цели. Препораката е да биде составено од советници од Општина Бутел, од Канцеларијата за млади, од член на Локалниот младински совет на Општина Бутел и член на невладина организација што се занимава со младински политики во рамките на Општина Бутел или на Град Скопје. Работното тело би требало да изготви методологија за евалуација на спроведувањето на Стратегијата и на Акцискиот план, и да изготвува периодични извештаи за имплементацијата, кои ќе бидат јавно достапни на веб-страницата на Општина Бутел. Притоа, потребно е граѓанскиот сектор да биде активно ангажиран во мониторингот на имплементацијата.

# Акциски план на Локалната стратегија за млади на Општина Бутел 2023–2028

## Приоритет: МЛАДИНСКО УЧЕСТВО

**Цел на приоритетот:** Зголемено учество на младите во формалните и во неформалните институции и иницијативи во рамки на Општината

**Специфична цел 1**
Да се одобри буџет од Советот на Општината за Локалниот младински совет

| Стратегии и активности | Очекуван резултат | Индикатор | Временска рамка | Одговорност |
|---|---|---|---|---|
| Стр. 1: Да се формира Локален младински совет, кој ќе биде функционален и усвоен на демократски и партиципативен начин | Функционален младински совет | Одржан состанок | јули–септември 2023 г. | Општина Бутел<br><br>Совет на Општина Бутел |
| Одржување конститутивна седница на Локалното собрание на млади | Одржана седница | Официјален документ | јули 2023 г. | Совет на Општина Бутел |
| Повик за избор на членови на Локалниот младински совет | Објавен повик | Официјален документ | август 2023 г. | Совет на Општина Бутел |
| Верификација на членовите на ЛМС од Советот на Општина Бутел | Верификувани членови | Официјален документ | август 2023 г. | Совет на Општина Бутел |
| Избор на претседател/претседателка и заменик/заменичка на ЛМС и донесување деловник за работа | Избран/а претседател/ка | Официјален документ | септември 2023 г. | Совет на Општина Бутел |
| Стр. 2: Да се организираат средби на Локалниот младински совет, Канцеларијата за млади и советниците на Општина Бутел, кои ќе се однесуваат на буџетот и на активностите на ЛМС | Одобрен годишен буџет за 2024 година за ЛМС на Општина Бутел | Записници од одржани состаноци | септември–декември 2023 г. | ЛМС Бутел<br>Совет на Општина Бутел |
| Достава на покани преку електронска пошта до сите советници и закажување состанок во врска со одобрувањето буџет | Одржан состанок | Покани (мејлови) | септември 2023 г. | ЛМС на Општина Бутел |
| Организирање и одржување состаноци на ЛМС со претставниците на советничките групи од Општина Бутел | Изработен и доставен предлог-проект за финансирање | Листа на присуство | Септември–октомври 2023 г. | ЛМС на Општина Бутел |

| **Специфична цел 2**<br>Да се зголеми соработката на Општина Бутел со институциите и организациите што развиваат програми за млади, за реализација на планираните активности | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Стратегии и активности | Очекуван резултат | Индикатор | Временска рамка | Одговорност |
| Стр. 1: Организирање состаноци со активни организации што дејствуваат во Општина Бутел и создавање платформа за заедничко дејствување | | | | |
| Праќање мејлови до организациите и покана за состаноци | Потпишан меморандум за соработка со здружението | Број на меморандуми<br>Програма за работа | јануари–февруари 2024 г. | Општина Бутел<br>ЛМС на Општина Бутел<br>Здруженија на граѓани |
| Одржување состаноците со активните невладини организации | Потпишан меморандум за соработка со здружението<br><br>Имплементација на заеднички проекти за младите | Број на реализирани проекти | јануари–март 2024 г. | ЛМС на Општина Бутел<br>Здруженија на граѓани |
| Стр. 2: Одржување јавни дебати во врска со младинските проблеми во Општината | | | | |
| Трибини и промоции за младинското учество | Информирани и вклучени млади во младинските активности | Број на одржани трибини | септември 2024 г. | ЛМС на Општина Бутел<br>Здруженија на граѓани |
| Стр. 3: Организирање на презентации за младински активизам и волонтерство | | | | |
| Соработка со училиштата во Општината | Потпишан меморандум за соработка со училиштата во Општината<br><br>Определен и утврден простор за работа и дејствување | Број на вклучени училишта<br>Број на меморандуми<br>Временска рамка за користење на просторот | септември 2024 г. | Општината<br>ЛМС на Општина Бутел<br>Здруженија на граѓани |
| Програма на активности за млади | Имплементирани активности за млади преку неформални методи за работа и едукација | Број на вклучени млади<br>Број на реализирани активности | септември–ноември 2024 г. | Совет на млади<br>Здруженија на граѓани |

## Приоритет: Квалитет на живеењето

**Цел на приоритетот:** Зголемување на безбедноста во јавниот простор во Општината

| **Специфична цел 1**<br>Намалување на насилството во јавниот превоз (автобусите) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Стратегии и активности | Очекуван резултат | Индикатор | Временска рамка | Одговорност |
| Стр. 1: Организирање неколку дебати со претставници на ЈСП, МВР, Советот на Општина Бутел, НВО-а и ЛМС за лоцирање на проблемите со безбедноста во јавниот превоз и нивно надминување | | | | |
| Покани до МВР, ЈСП, Советот на Општина Бутел, градоначалникот на Општина Бутел, претставници на политичките партии | Учество во дебата | Број на вклучени институции | ноември 2024–јануари 2025 г. | ЛМС на Општина Бутел |
| Организирање и одржување дебата во Општина Бутел во врска со насилството во јавниот превоз | Заклучоци и платформа за справување со насилството | Број на вклучени институции<br>Број на вклучени млади | февруари–март 2025 г. | ЛМС на Општина Бутел<br>Општина Бутел |
| Стр. 2: Во соработка со МВР, организирање кампања со низа предавања за подигнување на свеста за насилството во основните и во средните училишта | | | | |
| Меморандум за соработка со МВР | Потпишан меморандум | Вклучени млади | Во текот на 2025 г. | ЛМС на Општина Бутел<br>МВР<br>ЈСП |
| Меморандум за соработка со НВО што се занимава со насилство кај младите | Потпишан меморандум | Вклучени невладини организации | Во текот на 2025 г. | ЛМС на Општина Бутел<br>Здружение на граѓани |
| Одржување предавања за подигнување на свеста за насилството во јавниот превоз | Јавни предавања во училиштата | Број на места<br>Број на млади | Втора половина на 2025 г. | Совет на млади<br>Здружение на граѓани |

| **Специфична цел 2**<br>Зголемување на довербата на младите за безбедносната димензија при користење на јавниот простор (јавен превоз, паркови и улици) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Стратегии и активности | Очекуван резултат | Индикатор | Временска рамка | Одговорност |
| Стр. 3: МВР да објавува билтен на казнувани насилни дејства во јавниот превоз и тие да бидат објавени и на официјалната веб-страница на Општина Бутел | | | | |
| Преземање содржини од МВР во врска со Општина Бутел и преобјавување на социјалните платформи на ЛМС на Општина Бутел | Содржини за казнети насилници | Вкупно објавени содржини | 2025 г.<br>2026 г.<br>2027 г.<br>2028 г. | ЛМС на Општина Бутел<br>МВР |

## Приоритет: Култура

**Цел на приоритетот:** Зголемување на можностите на младите за вклучување во организирањето и во создавањето културни иницијативи, со цел подигнување на културната понуда во Општина Бутел

| **Специфична цел 1**<br>Да се зголеми атрактивноста на културните настани кај младите преку зголемено вклучување и консултирање на младите во планирањето и во спроведување на настаните | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Стратегии и активности | Очекуван резултат | Индикатор | Временска рамка | Одговорност |
| Стр. 1: Вклучување на младинските организации и на Локалниот младински совет од Општина Бутел во активности за планирање, спроведување и евалуација на културната понуда во Општина Бутел | | | | |
| Информативни средби на Општината со невладини организации и со ЛМС на Општина Бутел | Остварена соработка со НВО | Број на средби<br><br>Број на Здруженија на граѓани и институции | март 2025 г. – ноември 2026 г. | ЛМС на Општина Бутел<br>НВО |
| Создавање регистар на идеи за културни манифестации и настани, достапен онлајн | Регистар на идеи | Вкупен број идеи | март 2025 г. – март 2026 г. | ЛМС на Општина Бутел<br>НВО |
| Стр. 2: Организација на летни културни младински манифестации | | | | |
| Организација на четири настани во летниот период во 2025, во 2026 и во 2027 година | 12 културни манифестации (по четири годишно) | Конкретни датуми за одржување на настаните | 2025 г.<br>2026 г.<br>2027 г. | ЛМС на Општина Бутел<br>Совет на Општина Бутел |

| **Специфична цел 2**<br>Да се зголеми културната понуда во форми што ќе предвидуваат инклузивен принцип на партиципација, со цел надминување на стереотипните и на конфликтните односи меѓу младите во општината | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Стратегии и активности | Очекуван резултат | Индикатор | Временска рамка | Одговорност |
| Стр. 1: Посебни иницијативи за инклузија на младите со помалку можности за пристап до настани и до програми од културата што би се воделе од Општина Бутел и од граѓански организации што работат во областа на инклузијата | | | | |
| Финансирање и поддршка на посебни програми за инклузија во културата на младите со помалку можности | Програма за инклузија во културата на младите со помалку можности | Изготвен концепт за проекти за инклузија на младите преку културата | 2025 г.<br>2026 г.<br>2027 г. | Општина Бутел<br>Совет на Општина Бутел<br>Институции од областа на социјалната инклузија и на културата |
| Изготвување водич за организација на инклузивни настани од културата | Изгласан водич | Изготвен водич | јули – декември 2024 г. | Општина Бутел<br>ЛМС на Општина Бутел<br>Институции од областа на социјалната инклузија и на културата |
| Стр. 2: Организација на мултиетнички културни манифестации, со цел меѓусебно запознавање и културна соработка | | | | |
| Организирање по еден културен настан годишно, со диверзифицирани етнички содржини и карактеристики | Вкупно четири настани | Вкупно четири настани<br>Број на различни етнички заедници партиципанти | 2024 г.<br>2025 г.<br>2026 г.<br>2027 г. | Општина Бутел<br>Совет на Општина Бутел<br>ЛМС на Општина Бутел<br>НВО-а<br>Подмладоци на политичките партии |
| Организирање дебати (по една годишно) во однос на придобивките од заедничките културни соработки | Вкупно четири настани | Вкупно четири настани<br>Број на различни етнички заедници партиципанти | 2024 г.<br>2025 г.<br>2026 г.<br>2027 г. | Општина Бутел<br>ЛМС на Општина Бутел<br>Подмладоци на политичките партии<br>НВО-а |

## Приоритет: МЛАДИНСКО ИНФОРМИРАЊЕ

**Цел на приоритетот:** Воспоставување механизми и/или форми за информирање на младите во врска со интересот на младите за нивните приоритети, изложени во Стратегијата

| **Специфична цел 1**<br>Засилување на соработката меѓу локалната самоуправа, граѓанските организации и другите правни субјекти што развиваат програми за младите | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Стратегии и активности | Очекуван резултат | Индикатор | Временска рамка | Одговорност |
| Стр. 1: Повик и покана до сите заинтересирани страни (НВО, ЛМС, младински организации на политички партии) | | | | |
| Достава на покани до членови на НВО, ЛМС и други младински организации и политички подмладоци | Иницијатива за состаноци | Број на доставени покани | август 2024 г. | ЛМС на Општина Бутел |
| Организирање трибини и состаноци | Иницијатива за создавање програма | Број на доставени покани Број на учесници Број на трибини | јуни 2025 г. | ЛМС на Општина Бутел |
| Утврдување заеднички документ и програма | Програма за информативна стратегија за младинско информирање | Број на стратегиски определби од програма | јули 2025 г. – јули 2026 г. | Општина Бутел ЛМС на Општина Бутел |
| Стр. 2: Креирање база на информации поврзани со младите | | | | |
| Платформа за складирање на информациите од интерес за младите | Креирана база на податоци што ќе биде достапна за целната група, преку сите вклучени актери во процесот | Навременост на податоците<br><br>Застапеност на сите заинтересирани страни | септември 2024 г. – септември 2025 г. | ЛМС на Општина Бутел |
| Стр. 3: Отпочнување иницијатива за младински информативен центар | | | | |
| Одредување локација | Функционална канцеларија | Местоположба на канцеларијата | јануари – декември 2024 г. | ЛМС на Општина Бутел |
| Изработка на план за работа | Усвоен план за работа | Мониторинг и евалуација на планот | октомври – декември 2026 г. | ЛМС на Општина Бутел |

| **Специфична цел бр. 2**<br>Искористување на интернет-платформите и апликациите за смарт-телефони, како алатка за младинско информирање | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Стратегии и активности | Очекуван резултат | Индикатор | Временска рамка | Одговорност |
| Стр. 1: Искористување на интернетот и поставување соодветна апликација за информирање | | | | |
| Креирање инфо-страница за информирање на младите | Функционална инфо-страница | Број на дистрибуирани информации<br>Број на посетеност | март – септември 2024 г. | Општина Бутел<br>ЛМС на Општина Бутел |
| Креирање база на податоци на НВО-а и неформални групи и спортски тимови што дејствуваат на територијата на Општината | Заедничко дејствување на Општината и организациите | Број на вклучени организации и неформални групи | септември 2024 г. – јануари 2025 г. | Општината<br>Совет на млади |
| Стр. 1: Креирање посебни ФБ-, Инстраграм- и Тикток-профили | | | | |
| ФБ-страница на ЛМС на Општина Бутел | Функционална ФБ-, Инстаграм- и Тикток-страна | Посетеност на страницата од младите | јануари 2024 г. | ЛМС на Општина Бутел |
| Стр. 2: Одржување и ажурирање податоци и информации | | | | |
| Активни профили | Следење и дисеминирање информации поврзани со младите | Број на членови/следбеници<br>Теми на содржини<br>Активност на младите, коментари/мислења | | Младински инфо-центар<br>ЛМС на општина Бутел |

# НАОДИ ОД СПРОВЕДЕНАТА АНАЛИЗА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА МЛАДИТЕ ВО ОПШТИНА БУТЕЛ

## Анализа на податоците на квантитативното истражување

Квантитативното истражување беше реализирано преку онлајн-анкета, активна меѓу 14 јануари и 1 март 2023 година, во која учествуваше 231 испитаник од Општина Бутел на возраст од 15 до 29 години.

Поставените прашања имаа цел да ги испитаат ставовите и перцепциите на младите во девет приоритетни тематски области:

- образование;
- вработување и поддршка пред вработување;
- младинско информирање;
- младинско учество;
- спорт;
- здравје;
- квалитет на живот;
- култура.
- Локална младинска работа

## Пол




Во истражувањето беше вклучен вкупно 231 испитаник, од кои 101 маж и 130 жени.

## Возраст




Најголем број испитаници беа од возрасната група од 15 до 18 години – 58%, потоа 23,8% од 19 до 24 години и 18,2% од 25 до 29 години.

## Степен на образование




Во однос на степенот на образованието, 2,2% имаат помалку од основно образование, 28,1% имаат основно образование, 41,6% имаат средно образование, 26,8% имаат високо образование (додипломски студии) и 1,3% се со високо образование (постдипломски/докторски студии).

## Етникум




Во однос на етничката припадност на испитаниците. 52,4 % се Македонци, 39,8 % Албанци, 1,3 % Турци, 0,9 % Роми, 2,6 % Бошњаци, 1,7 % Срби, 0,9 % Власи и 0,4 % се од друга етничка припадност.

## Професија




55,8 % од испитаниците се ученици, 16,9 % студенти, 21,7% вработени и 4,3 % се невработени.

# Место на живеење




Во урбана средина живеат 70,6 % од испитаниците, додека 29,4 % живеат во рурална средина.

# Тематска област: Образование

| На скала од 1 (најлошо) до 5 (најдобро), како би го оцениле квалитетот на образованието во Општина Бутел? | | Испитаници | Процент |
|---|---|---|---|
| | 1 | 16 | 6,9 |
| | 2 | 19 | 8,2 |
| | 3 | 73 | 31,6 |
| | 4 | 60 | 26 |
| | 5 | 48 | 20,8 |
| | Не знам/Нема одговор | 15 | 6,5 |
| | Вкупно | 231 | 100 |

Од испитаниците беше побарано да го оценат квалитетот на образованието во Општината, со што се доби генерална перцепција по ова прашање. Средната оценка на ова прашање изнесува 3,25.

| Според вас, дали образовниот систем нуди стекнување практични вештини за евентуално полесно вработување? | | Испитаници | Процент |
|---|---|---|---|
| | Да | 24 | 10;4 |
| | Донекаде да | 83 | 35,9 |
| | Донекаде не | 38 | 16;5 |
| | Не | 66 | 28,6 |
| | Не знам/Нема одговор | 20 | 8;7 |
| | Вкупно | 231 | 100 |

Во однос на тоа дали образовниот систем нуди стекнување практични вештини за полесно вработување, испитаниците имаа поделено мислење. Имено, 46,3 % даваат позитивно мислење за ова прашање, додека 45,1 % даваат негативно мислење.

| Земајќи го предвид вашето образование, дали сметате дека лесно ќе најдете работа? | | Испитаници | Процент |
|---|---|---|---|
| | Да | 56 | 24,2 |
| | Донекаде да | 78 | 33,8 |
| | Донекаде не | 26 | 11,3 |
| | Не | 46 | 19,9 |
| | Не знам/Нема одговор | 25 | 10,8 |
| | Вкупно | 231 | 100 |

Најголем дел од испитаниците, односно 58 %, сметаат дека лесно ќе најдат работа со своето образование, додека помал дел, односно 31,2 %, се изјасниле спротивно на тоа.

**Според вас, кој е најголемиот проблем со кој се соочуваат училиштата во Општина Бутел?**

| | | Испитаници | Процент |
|---|---|---|---|
| | Недостиг на соодветен наставен кадар | 38 | 16,5 |
| | Застарени училници и училишна опрема | 34 | 14,7 |
| | Несоодветен однос на наставниците кон учениците | 4 | 1,7 |
| | Несоодветен однос на учениците кон наставниците | 32 | 13,9 |
| | Нетрпеливост меѓу учениците/незадоволително поведение | 12 | 5,2 |
| | Недостиг на компјутерска опрема | 13 | 5,6 |
| | Користење мобилни телефони за време на часовите | 32 | 13,9 |
| | Несоодветна практична настава | 21 | 9,1 |
| | Несоодветна наставна програма | 4 | 1,7 |
| | Отсуство на поддршка од властите за развој на образованието и на образовните институции | 16 | 6,9 |
| | Друго | 5 | 2,2 |
| | Не знам/Нема одговор | 20 | 8,7 |
| | Вкупно | 231 | 100 |

На прашањето кој е најголемиот проблем во училиштата, имаме повеќе можни одговори, од кои како најголеми проблеми се посочуваат: недостигот на соодветен наставен кадар, со 16,5 %; застарените училници и училишна опрема, со 14,7 %; несоодветниот однос на учениците кон наставниците, со 13,9 %; користењето мобилни телефони за време на часовите, со 13,9 %; како и несоодветна практична настава, со 9,1 %. Од сите предвидени одговори, горенаведените причини се посочени во најголем процент.

### ☞ Заклучок и препораки од квантитативно истражување – образование

- Релативно ниска средна оценка за квалитетот на образованието од страна на испитаниците – 3,25.
- Поделеност по прашањето за квалитетот на практичната настава и за потребата од подобра практична настава.
- Потреба од подобрување на состојбата со наставниот кадар, со училниците и со училишната опрема, како и со поведението на учениците и користењето мобилни телефони за време на часовите.

## Тематска област:
## Вработување и поддршка пред вработување

| Дали досега сте биле вработен/а? | | | |
|---|---|---|---|
| | | Испитаници | Процент |
| | Да | 90 | 39 |
| | Не | 125 | 54,1 |
| | Не знам/Нема одговор | 16 | 6,9 |
| | Вкупно | 231 | 100 |

Досега вработени биле 39% од испитаниците, а 54,1% одговориле дека досега не работеле.

| Дали во моментов сте вработен/а? | | | |
|---|---|---|---|
| | | Испитаници | Процент |
| | Да | 61 | 26,4 |
| | Не | 29 | 12,6 |
| | *Досега не бил вработен/а и НЗ/НО на претходното прашање | 141 | 61 |
| | Вкупно | 231 | 100 |

Во моментов вработени се 26,4 % од испитаниците, а 12,6 % не се вработени. Преостанатите испитаници на ова прашање не одговориле, бидејќи досега не биле вработени.

| Дали успеавте лесно да најдете работа? | | | |
|---|---|---|---|
| | | Испитаници | Процент |
| | Да | 37 | 41,1 |
| | Не | 43 | 47,8 |
| | Не знам/Нема одговор | 10 | 11,1 |
| | Вкупно | 90 | 100 |

Од испитаниците што досега биле вработени, 16 % одговориле дека успеале лесно да најдат работа, а 18,6 % не успеале лесно да најдат работа.

| Според вас, на кој начин најлесно се наоѓа работа? | | | |
|---|---|---|---|
| | | Испитаници | Процент |
| | Со образование/вештини/ квалификации | 71 | 30,7 |
| | Со релевантно работно искуство | 22 | 9,5 |
| | Со пријателски и роднински врски | 55 | 23,8 |
| | Со членство во политичка партија | 43 | 18,6 |
| | Со обуки и преквалификација | 6 | 2,6 |
| | Со самовработување и отворање сопствен бизнис | 13 | 5,6 |
| | Друго | 10 | 4,3 |
| | Не знам/Нема одговор | 11 | 4,8 |
| | Вкупно | 231 | 100 |

Најголем дел од испитаниците, односно 30,7 %, сметаат дека најлесно се наоѓа работа со соодветно образование и вештини, 23,8 % сметаат дека е тоа најлесно со пријателски и роднински врски, а 18,6 % сметаат дека работа се наоѓа со членство во политичка партија.

| Според вас, дали локалните власти нудат поддршка за невработени лица преку програми, обуки и можност за стекнување нови вештини? | | | |
|---|---|---|---|
| | | Испитаници | Процент |
| | Да | 32 | 13,9 |
| | Не | 119 | 51,5 |
| | Не знам/Нема одговор | 80 | 34,6 |
| | Вкупно | 231 | 100 |

51,5 % од испитаниците сметаат дека локалните власти не нудат поддршка за невработени лица преку програми, обуки и слично, а 13,9 %, пак, сметаат дека Општината ги нуди овие можности.

| **Дали досега во рамките на вашата општина сте посетиле некоја обука за стекнување нови вештини, која ви помогнала во понатамошниот професионален развој?** | | | |
|---|---|---|---|
| | | Испитаници | Процент |
| | Да | 42 | 18,2 |
| | Не | 166 | 71,9 |
| | Не знам/Нема одговор | 23 | 10 |
| | Вкупно | 231 | 100 |

Најголем дел од испитаниците (71,9 %) досега не посетиле обука за нови вештини организирана од Општината, додека 18,2 % посетиле обука од тој тип.

| **Доколку постои можност, дали би се вклучиле во обуки за развој на дигитални вештини како предуслов за успешен бизнис?** | | | |
|---|---|---|---|
| | | Испитаници | Процент |
| | Да | 173 | 74,9 |
| | Не | 28 | 12,1 |
| | Не знам/Нема одговор | 30 | 13 |
| | Вкупно | 231 | 100 |

Високи 74,9 % од испитаниците се изјасниле дека би сакале да посетат обука за дигитални вештини, додека 12,1 % не би посетиле таква обука.

### ☞ Заклучок и препораки од квантитаивно истражување – вработување и поддршка пред вработување

- Висок процент од испитаниците сметаат дека вработување се наоѓа со пријателски и роднински врски, како и со членство во политичка партија.
- Постои потреба од организирање обуки од страна на локалните власти за стекнување нови вештини.
- Висок интерес за обуки од сферата на дигиталните вештини.

# Тематска област:
# Младинско учество и младинско информирање

| На кој начин се информирате за сите тековни случувања што се од ваш личен интерес како млад човек? | Испитаници | Процент |
|---|---|---|
| Телевизија | 13 | 5,6 |
| Интернет-портали | 41 | 17,7 |
| Социјални медиуми (Facebook, Instagram, Twitter, Tik Tok) | 156 | 67,5 |
| Во разговор со пријатели/роднини | 12 | 5,2 |
| Преку мојата верска заедница (МПЦ, ИВЗ и други) | 1 | 0,4 |
| Не знам/Нема одговор | 8 | 3,5 |
| Вкупно | 231 | 100 |

Најголем дел од младите се информираат онлајн, односно 17,7 % на интернет-порталите, а 67,5 % на социјалните медиуми.

| За каков тип информации најчесто се интересирате? | Испитаници | Процент |
|---|---|---|
| Информации од забавен карактер | 45 | 19,5 |
| Информации од областа на културата | 25 | 10,8 |
| Информации од областа на економијата и бизнисот | 34 | 14,7 |
| Информации од областа на општествените и на политичките случувања во државата | 33 | 14,3 |
| Информации за случувањата во светот | 38 | 16,5 |
| Информации од областа на спортот | 30 | 13 |
| Друго | 18 | 7,8 |
| Не знам/Нема одговор | 8 | 3,5 |
| Вкупно | 231 | 100 |

Информациите од забавен карактер со 19,5 %, од случувањата во светот со 16,5 %, економијата и бизнисот со 14,7 %, општествените и политичките случувања во државата со 14,3 %, спортот со 13 % и културата со 10,8 % се тие за кои младите луѓе се најзаинтересирани.

| Дали досега сте учествувале активно во процесот на донесување одлуки на локално и/или на државно ниво ? | | | |
|---|---|---|---|
| | | Испитаници | Процент |
| | Да | 56 | 24,2 |
| | Не | 145 | 62,8 |
| | Не знам/Нема одговор | 30 | 13 |
| | Вкупно | 231 | 100 |

Најголем дел од младите луѓе, односно 62,8 % одговориле дека досега не зеле активно учество во процесот на донесување одлуки, додека 24,2 % досега учествувале во овој процес.

| На кој начин учествувате/сте учествувале во процесот на донесување одлуки на локално или државно ниво? | | | |
|---|---|---|---|
| | | Испитаници | Процент |
| | Членство во младинска/средношколска/ студентска организација | 20 | 8,7 |
| | Членство во невладина организација | 12 | 5,2 |
| | Членство во политичка партија | 15 | 6,5 |
| | Преку предлози со група граѓани | 1 | 0,4 |
| | Преку контактирање со општинските власти | 3 | 1,3 |
| | Преку непосреден контакт со политичари | 5 | 2,2 |
| | Не знам/Нема одговор | 56 | 24,2 |
| | *Не учествувале | 175 | 75,8 |
| | Вкупно | 231 | 100 |

8,7 % од испитаниците учествувале во процесот на донесување одлуки преку членство во младински и училишни организации, 6,5 % преку членство во политичка партија, 5,2 % преку членство во НВО.

| Дали некогаш сте биле информирани за некаква можност за млади што ја нудат формите на младинско организирање? | | | |
|---|---|---|---|
| | | Испитаници | Процент |
| | Да | 90 | 39 |
| | Не | 121 | 52,4 |
| | Не знам/Нема одговор | 20 | 8,7 |
| | Вкупно | 231 | 100 |

52,4 % од испитаниците не се информирани за можностите за млади што може да ги добијат преку формите на младинско организирање, додека 39 % се запознаени со овие можности.

| Според вас, кој е најголем проблем во Општина Бутел? | | | |
|---|---|---|---|
| | | Испитаници | Процент |
| | Образование (училишта и градинки) | 21 | 9,1 |
| | Сообраќај | 8 | 3,5 |
| | Паркинг | 9 | 3,9 |
| | Загадување на воздухот | 20 | 8,7 |
| | Отпад и хигиена | 39 | 16,9 |
| | Инфраструктура (улици и тротоари) | 26 | 11,3 |
| | Екологија и животна средина | 22 | 9,5 |
| | Паркови и зелени површини | 26 | 11,3 |
| | Криминал и корупција | 31 | 13,4 |
| | Урбана мафија и нелегално градење | 15 | 6,5 |
| | Не знам/Нема одговор | 14 | 6,1 |
| | Вкупно | 231 | 100 |

Отпадот и хигиената со 16,9 % се посочени како најголем проблем во Општина Бутел, потоа следува криминалот и корупцијата со 13,4 %, инфраструктурата со 11,3 %, парковите и зелените површини со 11,3 %, екологијата и животната средина со 9,5 %, образованието со 9,1 %, загадувањето на воздухот со 8,7 % итн.

| Кој е вториот најголем проблем во Општина Бутел? | | | |
|---|---|---|---|
| | | Испитаници | Процент |
| | Образование (училишта и градинки) | 17 | 7,4 |
| | Сообраќај | 12 | 5,2 |
| | Паркинг | 12 | 5,2 |
| | Загадување на воздухот | 32 | 13,9 |
| | Отпад и хигиена | 28 | 12,1 |
| | Инфраструктура (улици и тротоари) | 35 | 15,2 |
| | Екологија и животна средина | 25 | 10,8 |
| | Паркови и зелени површини | 15 | 6,5 |
| | Криминал и корупција | 14 | 6,1 |
| | Урбана мафија и нелегално градење | 22 | 9,5 |
| | Не знам/Нема одговор | 19 | 8,2 |
| | Вкупно | 231 | 100 |

Како втор најголем проблем е посочена инфраструктурата со 15,2 %, загадувањето на воздухот со 13,9 %, отпадот и хигиената со 12,1 %, екологијата и животната средина со 10,8 %, урбаната мафија и нелегалното градење со 9,5 % итн.

| Кои се потребите на младите луѓе од руралните области во Општина Бутел? | | | |
|---|---|---|---|
| | | Испитаници | Процент |
| | Не знам/Нема одговор | 176 | 76,2 |
| | Економија | 7 | 3 |
| | Инфраструктура | 8 | 3,5 |
| | Јавен превоз | 15 | 6,5 |
| | Култура | 3 | 1,3 |
| | Образование | 2 | 0,9 |
| | Паркови и зеленило | 4 | 1,7 |
| | Социјален живот | 1 | 0,4 |
| | Спортски терени и спортски сали | 13 | 5,6 |
| | Училишта | 2 | 0,9 |
| | Вкупно | 231 | 100 |

Како најголеми потреби на младите луѓе од руралните области на Општината се наведени јавниот превоз со 6,5 %, спортски терени и спортски сали со 5,6 % итн.

Прашањето што следува е од отворен вид и испитаниците ги дадоа следните одговори:

| Генерално, кои се вашите предлози и препораки за локалната власт во Општина Бутел? | | | |
|---|---|---|---|
| | | Испитаници | Процент |
| | Не знам/нема одговор | 161 | 69,7 |
| | Ажурност | 1 | 0,4 |
| | Амбуланта | 2 | 0,9 |
| | Автобуски станици | 1 | 0,4 |
| | Безбедност | 1 | 0,4 |
| | Библиотека | 1 | 0,4 |
| | Да работат чесно | 1 | 0,4 |
| | Достапност | 1 | 0,4 |
| | Екологија | 1 | 0,4 |
| | Економија | 1 | 0,4 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Градинки | 1 | 0,4 |
| | Хигиена | 3 | 1,3 |
| | Инфраструктура | 11 | 4,8 |
| | Јавен превоз | 1 | 0,4 |
| | Корупција | 2 | 0,9 |
| | Кучиња скитници | 2 | 0,9 |
| | Култура | 3 | 1,3 |
| | Младински политики | 15 | 6,5 |
| | Образование | 1 | 0,4 |
| | Паркинг | 1 | 0,4 |
| | Паркови и зеленило | 5 | 2,2 |
| | Ред | 2 | 0,9 |
| | Рурален развој | 1 | 0,4 |
| | Соживот | 1 | 0,4 |
| | Сообраќај | 1 | 0,4 |
| | Спортски терени и спортски сали | 5 | 2,2 |
| | Стипендии | 1 | 0,4 |
| | Трговски центри | 1 | 0,4 |
| | Училишта | 2 | 0,9 |
| | Водовод и канализација | 1 | 0,4 |
| | Вкупно | 231 | 100 |

## ☞ Заклучок и препораки од квантитативно истражување – младинско учество и младинско информирање

- Најголем дел од испитаниците се информираат онлајн, односно преку интернет-портали и социјални медиуми. За сите идни активности што се однесуваат на младинските политики во Општината, најефикасен начин на информирање на младите луѓе би било онлајн-споделувањето информации.
- Најголем дел од испитаниците не партиципираат во процесот на донесување одлуки на локално и на државно ниво.
- Како најголеми проблеми во Општина Бутел се посочуваат хигиената, потребата од паркови, екологија и чиста животна средина.

# Тематска област: Спорт

| Дали спортувате? | | | |
|---|---|---|---|
| | | Испитаници | Процент |
| | Да | 149 | 64,5 |
| | Не | 79 | 34,2 |
| | Не знам/Нема одговор | 3 | 1,3 |
| | Вкупно | 231 | 100 |

Најголем дел од испитаниците се изјасниле дека спортуваат (64,5 %).

| Дали сте задоволни од состојбата на спортските сали и на игралиштата во Општина Бутел? | | | |
|---|---|---|---|
| | | Испитаници | Процент |
| | Да | 99 | 42,9 |
| | Не | 93 | 40,3 |
| | Не знам/Нема одговор | 39 | 16,9 |
| | Вкупно | 231 | 100 |

Поголем дел од испитаниците се задоволни со спортските сали – 42,9 %, додека 40,3 % одговориле дека не се задоволни.

| Дали општинските власти вложуваат во развојот на спортот и на спортските навики кај младите луѓе? | | | |
|---|---|---|---|
| | | Испитаници | Процент |
| | Да | 70 | 30,3 |
| | Делумно | 105 | 45,5 |
| | Не | 36 | 15,6 |
| | Не знам/нема одговор | 20 | 8,7 |
| | Вкупно | 231 | 100 |

Најголем дел од испитаниците, односно високи 75,8 % од испитаниците сметаат дека локалната власт вложува или делумно вложува во развојот на спортот и на спортските навики.

| Според вас, што треба да направат општинските власти за да се зголеми бројот на млади луѓе што спортуваат? | | |
|---|---|---|
| | Испитаници | Процент |
| Изградба на нови спортски сали и спортски игралишта | 61 | 26,4 |
| Изградба на базени за пливање | 35 | 15,2 |
| Субвенционирање членски картички од спортски клубови за млади луѓе | 22 | 9,5 |
| Субвенционирање спортска опрема и спортски реквизити | 15 | 6,5 |
| Промоција и кампања за придобивките од спортот | 6 | 2,6 |
| Едукација од најрана возраст за значењето на спортот | 43 | 18,6 |
| Унапредување на соработката на спортските клубови и здруженија со училиштата | 16 | 6,9 |
| Активно вклучување на младите во креирањето политики поврзани со спортот | 12 | 5,2 |
| Друго | 7 | 3 |
| Не знам/Нема одговор | 14 | 6,1 |
| Вкупно | 231 | 100 |

26,4 % од испитаниците сметаат дека изградбата на нови спортски сали и спортски игралишта би го зголемила бројот на млади луѓе што спортуваат, 18,6 % сметаат дека е тоа едукацијата од рана возраст, а 15,2 % сметаат дека изградбата на базени би придонела за ова. 9,5 % од испитаниците сметаат дека субвенционирањето членски картички од спортски клубови би било, исто така, добро за зголемување на спортската култура.

### ☞ Заклучок и препораки од квантитативно истражување – спорт

- Најголем дел од испитаниците се задоволни од вложувањето од страна на локалната власт во спортот и во спортските капацитети.
- Останува потребата за дополнително вложување во спортските сали и во спортските терени во Општината.
- Потребна е едукација за важноста на спортот и на спортските навики.

# Тематска област: Здравје

| На скала од 1 (најлошо) до 5 (најдобро), како би го оцениле квалитетот на здравствените услуги во јавните здравствени установи на територијата на Општина Бутел? | | | |
|---|---|---|---|
| | | Испитаници | Процент |
| | 1 | 37 | 16 |
| | 2 | 45 | 19,5 |
| | 3 | 85 | 36,8 |
| | 4 | 35 | 15,2 |
| | 5 | 12 | 5,2 |
| | Не знам/Нема одговор | 17 | 7,4 |
| | Вкупно | 231 | 100 |

Испитаниците даваат средна оценка 2,52 за квалитетот на здравствените услуги во здравствените установи во Општината.

| Дали одите на редовни лекарски прегледи? | | | |
|---|---|---|---|
| | | Испитаници | Процент |
| | Да | 152 | 65,8 |
| | Не | 70 | 30,3 |
| | Не знам/Нема одговор | 9 | 3,9 |
| | Вкупно | 231 | 100 |

65,8 % од испитаниците се изјасниле дека одат на редовни лекарски прегледи, додека 30,3 % се изјасниле дека не одат на редовни лекарски прегледи.

| Дали одите на редовни гинеколошки прегледи? | | | |
|---|---|---|---|
| | | Испитаници | Процент |
| | Да | 49 | 37,7 |
| | Не | 71 | 54,6 |
| | Не знам/Нема одговор | 10 | 7,7 |
| | Вкупно | 130 | 100 |

37,7 % од испитаниците жени одговориле дека одат на редовни гинеколошки прегледи. 54,6 % одговориле дека не одат на редовни гинеколошки прегледи.

| **Дали ги следите препораките на лекарите за здрав живот и за одржување добра здравствена состојба?** | | | |
|---|---|---|---|
| | | Испитаници | Процент |
| | Да | 91 | 39,4 |
| | Донекаде да | 119 | 51,5 |
| | Донекаде не | 12 | 5,2 |
| | Не | 5 | 2,2 |
| | Не знам/Нема одговор | 4 | 1,7 |
| | Вкупно | 231 | 100 |

Високи 90,9 % од испитаниците се изјасниле дека ги следат, односно дека донекаде ги следат препораките на докторите за здрав живот и за одржување добра здравствена состојба.

| **Според вас, што треба да преземе локалната власт за да се зголеми свеста за здрави животни навики и превенција на болести?** | | | |
|---|---|---|---|
| | | Испитаници | Процент |
| | Редовни кампањи за подигнување на јавната свест кај сите граѓани | 49 | 21,2 |
| | Едукативна програма во сите училишта | 72 | 31,2 |
| | Бесплатни систематски прегледи | 80 | 34,6 |
| | Друго | 15 | 6,5 |
| | Не знам/Нема одговор | 15 | 6,5 |
| | Вкупно | 231 | 100 |

34,6 % од испитаниците сметаат дека воведувањето бесплатни систематски прегледи ќе придонесе за зголемување на свеста за здрави животни навики и превенција на болести, 31,2 % сметаат дека тоа би било едукативна програма во училиштата, а 21,2 % ги посочуваат редовните кампањи за подигнување на јавната свест како нешто што локалната власт треба да го преземе за оваа цел.

## ☞ Заклучок и препораки од квантитативно истражување – здравје

- Испитаниците даваат релативно ниска средна оценка (2,52) за квалитетот на здравствените услуги во здравствените установи во Општината.
- Само околу една третина, односно 37,7 % од испитаниците жени се изјасниле дека одат на редовни гинеколошки прегледи.
- Потребни се бесплатни систематски прегледи, едукативни програми и редовни кампањи што би ја подигнале јавната свест за грижа за сопственото здравје.

# Тематска област:
# Квалитет на живот

| Како вие како млад човек го оценувате квалитетот на животот во Општина Бутел? | | | |
|---|---|---|---|
| | | Испитаници | Процент |
| | Добар | 45 | 19,5 |
| | Донекаде добар | 112 | 48,5 |
| | Донекаде лош | 41 | 17,7 |
| | Лош | 26 | 11,3 |
| | Не знам/Нема одговор | 7 | 3 |
| | Вкупно | 231 | 100 |

Високи 68 % од испитаниците имаат позитивна перцепција за квалитетот на животот во Општина Бутел.

| Кои две од следниве причини би ги навеле како најважни за подобрување на квалитетот на животот на младите луѓе? | | | |
|---|---|---|---|
| | | Испитаници | Процент |
| | Вработување и животен стандард | 61 | 26,4 |
| | Екологија и животна средина | 11 | 4,8 |
| | Образование и можност за професионален напредок | 22 | 9,5 |
| | Воведување на мерит-систем (систем за напредување според заслуги) | 8 | 3,5 |
| | Социјален живот и дружење | 27 | 11,7 |
| | Право на слободно изразување | 15 | 6,5 |
| | Борба против дискриминацијата | 14 | 6,1 |
| | Борба против криминалот и корупцијата | 21 | 9,1 |
| | Можности за спорт и рекреација | 7 | 3 |
| | Активно вклучување на младите луѓе во работата на локалната и на централната власт | 7 | 3 |
| | Домашно воспитување | 17 | 7,4 |
| | Здравство и здравствена заштита | 1 | 0,4 |
| | Ефикасно судство и судски систем | 1 | 0,4 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Ефикасен јавен сектор | 1 | 0,4 |
| | Култура и забава | 8 | 3,5 |
| | Друго | 1 | 0,4 |
| | Не знам/Нема одговор | 9 | 3,9 |
| | Вкупно | 231 | 100 |

Вработување и подобрување на животниот стандард е една од најчестите причини за коишто испитаниците сметаат дека би им го подобрила квалитетот на живот. Потоа следи социјалниот живот, борбата против криминалот и корупцијата, борбата против дискриминацијата, како и вклучување на младите луѓе во работата на локална и централната власт.

| **Дали се чувствувате безбедно во Општина Бутел?** | | | |
|---|---|---|---|
| | | Испитаници | Процент |
| | Да | 59 | 25,5 |
| | Донекаде да | 98 | 42,4 |
| | Донекаде не | 32 | 13,9 |
| | Не | 39 | 16,9 |
| | Не знам/Нема одговор | 3 | 1,3 |
| | Вкупно | 231 | 100 |

67,9 % од испитаниците се изјасниле дека се чувствуваат безбедно или донекаде безбедно во Општина Бутел, додека 30,8 % не се чувствуваат или донекаде не се чувствуваат безбедно.

| **Поради која причина не се чувствувате безбедно?** | | | |
|---|---|---|---|
| | | Испитаници | Процент |
| | Нема одговор/ Се чувствуваат безбедно | 157 | 68 |
| | Дискриминација | 1 | 0,4 |
| | Криминал/криминални групи | 22 | 9,5 |
| | Кучиња скитници | 11 | 4,8 |
| | Меѓуетничка нетрпеливост | 7 | 3 |
| | Мобинг | 1 | 0,4 |
| | Национализам | 1 | 0,4 |
| | Насилство | 4 | 1,7 |
| | Не се чувствувам сигурно | 1 | 0,4 |
| | Нема тротоари | 1 | 0,4 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Немаштија | 1 | 0,4 |
| | Немаме права | 3 | 1,3 |
| | Неосветлени улици | 4 | 1,7 |
| | Нерегулиран сообраќај | 2 | 0,9 |
| | Оружје без дозвола | 5 | 2,2 |
| | Полицијата е неефикасна | 3 | 1,3 |
| | Провокации | 1 | 0,4 |
| | Расправии | 2 | 0,9 |
| | Сообраќај | 1 | 0,4 |
| | Урбана мафија | 2 | 0,9 |
| | Загаденост | 1 | 0,4 |
| | Вкупно | 231 | 100 |

Криминалот и криминалните групи, кучињата скитници, меѓуетничката нетрпеливост, поседувањето оружје без дозвола и полицисната неефикасност се меѓу причините што се најчесто посочени од испитаниците како причини поради кои не се чувствуваат безбедно.

| Дали сметате дека можете да се осамостоите како млад човек? | | | |
|---|---|---|---|
| | | Испитаници | Процент |
| | Да | 131 | 56,7 |
| | Не | 63 | 27,3 |
| | Не знам/Нема одговор | 37 | 16 |
| | Вкупно | 231 | 100 |

56,7 % од испитаниците сметаат дека можат да се осамостојат како млади луѓе, додека 27,3 % од испитаниците одговориле дека не сметаат дека можат да се осамостојат.

| Дали сметате дека во општина Бутел се водат добри политики кои ги засегаат младите луѓе? | | | |
|---|---|---|---|
| | | Испитаници | Процент |
| | Да | 61 | 26.4 |
| | Не | 95 | 41.1 |
| | Не знам/Нема одговор | 75 | 32.5 |
| | Вкупно | 231 | 100 |

26,4 % од испитаниците сметаат дека во Општина Бутел се водат добри политики за младите луѓе, додека 41,1 % не сметаат дека во Општината се водат добри политики.

### ☞ Заклучок и препораки од квантитативно истражување – квалитет на живот

- Најголем дел од младите имаат позитивна перцепција за квалитетот на животот во Општина Бутел.
- Подобрување на животниот стандард и борбата против криминалот и корупцијата, како и условите за социјален живот и дружење се дел од работите што треба да се подобрат.
- Криминалот, криминалните групи, кучињата скитници, меѓуетничката нетрпеливост и полициската ефикасност се теми на кои треба да се посвети внимание, како и да се подобрат состојбите во тие области.

## Тематска област:
## Култура

| Како би ја оцениле состојбата со културата и со културната понуда во Општина Бутел? | | | |
|---|---|---|---|
| | | Испитаници | Процент |
| | Добра | 40 | 17,3 |
| | Донекаде добра | 77 | 33,3 |
| | Донекаде лоша | 46 | 19,9 |
| | Лоша | 45 | 19,5 |
| | Не знам/Нема одговор | 23 | 10 |
| | Вкупно | 231 | 100 |

Постои поделеност кај испитаниците во однос на нивните ставови за состојбата со културата и со културната понуда во Општина Бутел. Генерално, има негативна или донекаде негативна перцепција за состојбите во оваа област.

| Кој е најголемиот проблем во областа на културата и на културната понуда за младите во Општина Бутел? | | | |
|---|---|---|---|
| | | Испитаници | Процент |
| | Не знам/Нема одговор | 182 | 78,8 |
| | Библиотека | 1 | 0,4 |
| | Дискриминација | 2 | 0,9 |
| | Младински културен центар | 2 | 0,9 |
| | Не се работи во таа насока | 11 | 4,8 |
| | Нема алтернативна сцена | 1 | 0,4 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Нема барови и ресторани | 1 | 0,4 |
| | Нема каде да се организираат настани | 2 | 0,9 |
| | Нема културна понуда | 27 | 11,7 |
| | Нема театар | 2 | 0,9 |
| | Вкупно | 231 | 100 |

Како најголем проблем се посочува недостигот на културна понуда и на активности за подобрување на состојбата со културата.

| **Генерално, кој тип настани од културата најчесто ги посетувате или сакате да ги посетувате?** | | | |
|---|---|---|---|
| | | Испитаници | Процент |
| | Музички концерти | 46 | 19,9 |
| | Театарски претстави | 32 | 13,9 |
| | Изложби на уметнички творби (сликарство, вајарство и сл.) | 6 | 2,6 |
| | Музички фестивали | 41 | 17,7 |
| | Поетски читања | 9 | 3,9 |
| | Кинопроекции | 36 | 15,6 |
| | Танц | 9 | 3,9 |
| | Посета на музеј | 10 | 4,3 |
| | Друго | 19 | 8,2 |
| | Не знам/Нема одговор | 23 | 10 |
| | Вкупно | 231 | 100 |

Музички концерти, фестивали, театарски претстави и кинопроекции се настаните што испитаниците најмногу сакаат/би сакале да ги посетуваат.

| **Според вас, што треба да преземат локалните власти за да се унапреди културата и културната понуда во Општина Бутел?** | | | |
|---|---|---|---|
| | | Испитаници | Процент |
| | Поддршка за воведување ликовни и драмски секции во училиштата | 26 | 11,3 |
| | Активна соработка со сите поединци и организации од областа на културата | 35 | 15,2 |
| | Организирање културни манифестации под покровителство на Општина Бутел | 76 | 32,9 |
| | Слободен влез за млади/намалени цени на влезниците за млади луѓе | 68 | 29,4 |
| | Не знам/Нема одговор | 26 | 11,3 |
| | Вкупно | 231 | 100 |

Организација на културни манифестации, слободен влез или намалени цени на влезници за млади луѓе и активна соработка и поддршка со претставници од областа на културата се работите што испитаниците сметаат дека треба да се преземат за подобрувања во оваа област.

### ☞ Заклучок и препораки од квантитативно истражување – култура

- Најголем дел од младите имаат негативна перцепција за културата и за културната понуда во Општина Бутел.
- Потребна е организација на културни манифестации, концерти, фестивали и други случувања од областа на културата.

## Тематска област:
## Локална младинска работа

| Дали сте запознаени со концептот на локална младинска работа? | | | |
|---|---|---|---|
| | | Испитаници | Процент |
| | Да | 37 | 16 |
| | Не | 173 | 74,9 |
| | Не знам/Нема одговор | 21 | 9,1 |
| | Вкупно | 231 | 100 |

### ☞ Заклучок и препораки од квантитативно истражување – локална младинска работа

- Најголем дел од младите не се запознаени со концептот на ЛМР.
- Потребно е да се работи на информирање на младите луѓе за овој концепт.

# Анализа на податоци од квалитативно истражување – фокус-групи

Интервјуата со фокус-групите беа одржани на онлајн-платформата ZOOM. Првото интервју со фокус-група беше одржано на 1 март 2023 г. , второто на 9 март 2023 г., а третото на 17 март 2023 година.

Квалитативното истражување беше реализирано преку спроведување три фокус-групи со неколку целни групи:

- млади луѓе (15–29 години);
- претставници од наставниот кадар од основните и од средните училиштата во Општината;
- претставници од младински организации и претставници од Општина Бутел.
- На фокус-групите учесниците беа поканети од трите целни групи, со цел добивање информации низ процес на стимулирање на идеи едни со други. Интервјуата со фокус-групите беа одржани на онлајн-платформата ZOOM. Првото интервју со фокус-група беше одржано на 1 март 2023 г., второто на 9 март 2023 г., а третото на 17 март 2023 година. Во фокус-групите учествуваа вкупно 18 учесници од горенаведените целни групи.

## ☞ Заклучоци и препораки од тематската област образование

- Да се зголеми обемот на ангажираниот наставен кадар.
- Да се реновираат училиштата.
- Да се подобри снабдувањето со книги и материјали за учење во училиштата.
- Да се преземат превентивни активности за спречување меѓуетничка нетрпеливост меѓу учениците.
- Да се додели поголем буџет за училиштата.
- Да се подобри хигиената во училиштата.
- Училиштата подобро да се опремат од аспект на дигитализирана настава.

### ☞ Заклучоци и препораки од тематската област вработување и поддршка пред вработување

- Да се обезбеди поддршка за младите во процесот на барање работа.
- Да се намали партизацијата во процесот на вработување.
- Да се обезбедат повеќе можности за младите за стекнување работно искуство.
- Да се одржуваат обуки за самовработување.
- Да се обезбеди повеќе практична настава.
- Да се организираат активности што поттикнуваат работно вмрежување на младите.
- Да се формира фонд за млади.
- Средно стручно образование.

### ☞ Заклучоци и препораки од тематската област младинско учество и младинско информирање

- Поголемо општествено и политичко вклучување на младите.
- Поголема достапност на информации преку каналите за информирање што ги користат младите.

### ☞ Заклучоци и препораки од тематската област спорт

- Да се изгради базен.
- Да се изградат повеќе велосипедски патеки.
- Да се обноват спортските сали и реквизитите.
- Да се обезбедат повеќе можности за спортски активности.
- Да се организираат повеќе натпревари меѓу основните и средните училишта.
- Заклучоци и препораки од тематската област здравје
- Да се организираат повеќе кампањи и реклами за подигнување на свеста за здравјето и за одредени болести.
- Да се едуцираат младите за грижата за репродуктивното здравје.
- Да се спроведуваат едукативни програми за поттикнување здрави навики во основите и во средните училишта.
- Да се едуцираат младите за опасностите од пушењето и од алкохолот.

- Да се подигне свеста и да се едуцираат младите за важноста на менталното здравје.
- Здравствена превенција: редовни стоматолошки прегледи и систематски прегледи.

## ☞ Заклучоци и препораки од тематската област квалитет на животот

- Се истакнуваат безбедноста и меѓуетничките односи како проблематични.
- Да се зголеми степенот на локална безбедност со спроведување повеќе контроли од МВР.
- Да се изгради велосипедска инфраструктура.
- Да се превенира меѓуетничкото насилство на јавните простори.
- Да се воведе забрана за недозволено носење оружје.
- Да се зголеми бројот и разновидноста на можности за социјален живот на младите.

## ☞ Заклучоци и препораки од тематската област култура

- Нема културна понуда и поради тоа се предлагаат следниве идеи:
- да се отвори културен центар;
- да се организира кино и/или театар на отворено;
- да се основа ликовен фестивал во Љубанци;
- да се направи собиралиште на млади по примерот на Школка во парк;
- да се организираат книжевни и ликовни настани.

## ☞ Заклучоци и препораки од тематската област локална младинска работа

- Поттикнување на учеството на младите во локалната самоуправа.
- Поттикнување на младите да преземаат повеќе волонтерски и граѓански активности.

# Работна Група

### *Листа на учесници во работната група*

За изработка на документот „Локална стратегија за млади на Општина Бутел 2023–2028“ беше формирана работна група составена од:

- Мариглен Демири, координатор на проектот „Општина Бутел, отворена за младите“
- Михајло Талевски, фасилитатор и истражувач
- Ебру Емини, канцеларија за млади во Општина Бутел
- Данијаер Велковски, кандидат за Локален младински совет
- Марија Спасенцовска, кандидатка за Локален младински совет
- Мартина Павличкова, кандидатка за Локален младински совет
- Теа Тодоровска, кандидатка за Локален младински совет
- Никола Стојковски
- Стефан Калошев
- Дамјан Наумовски
- Мишела Налбантова
- Теодора Спасенцовска
- Христијан Перчинковски
- Енез Емини
- Адријана Велковска
- Дамјан Велковски
- Јаков Аврамовски
- Теа Тодоровска
- Енсар Мемеди
- Иса Зекири
- Иван Алексовски
- Леонид Павловски
- Софија Тасевска

***Координатори за спроведување на Локалната стратегија за млади на Општина Бутел 2023–2028:***

- Ебру Емини, канцеларија за млади
- Мариглен Демири, координатор на проектот „Општина Бутел – отворена за младите“
- Михајло Талевски, фасилитатор

Проектот е финансиран
од Европската Унија